ОРИГИНАЛ



Сите наши заложби и активности имаат за цел постигнување потполно задоволство на клиентите. Ние целосно им се посветуваме на нашите клиенти и постојано сме на нивно располагање. Не пропуштаме ниту една можност да ги изненадиме, да им дадеме повеќе отколку што очекувале, да им го понудиме секогаш најдоброто на пазарот. Ние не сме заинтересирани за брз профит туку за одржување на врвот со постојано зголемување на нашето Порше семејство со нови клиенти. Нашите клиенти секогаш кај нас добиваат легендарни автомобили, фантастично изведени со одличен квалитет и врвна сервисна услуга.

Постулатите по кои ние се водиме и работиме- **доминација на пазарот, грижа за клиентите, долготрајност, квалитет на услугите.** Сето тоа, заедно со имплементацијата, сертификацијата и одржувањето на ISO 9001:2015, се нашите зацртани цели, основа и цел на нашето работење.

Рецептот за водење успешен бизнис е едноставен - целосна посветеност на постигнување на потполно задоволство на клиентите. Ние постојано се трудиме не само да ги исполниме барањата на клиентите туку и да ги надминеме секогаш нудејќи им повеќе од очекуваното.
Тие ги препознаваат нашите заложби и посветеност, во нас гледаат сигурен партнер од светот на автомобилите и на тоа ни возвраќаат со нивната доверба. Грижата на клиентите длабоко вкоренета во нашата корпоративна кулутра придонесува бројот на клиентите, на членовите во нашето Порше семејство од ден на ден да се зголемува и тоа создава поволна клима за водење на успешен бизнис.

Она што нас не прави добри работодавци е грижата за нашите вработени, затоа што само преку задоволни вработени можеме да стигнеме до задоволни клиенти. Ние се фокусираме на нивните интереси и способности, се трудиме да им обезбедиме удобни работни места, континуирана обука и мотивирачка работна атмосфера каде ќе можат да придонесуваат долги години. Обезбедуваме максимални можности за креативност за оние кои уживаат да бидат креативни. Ги охрабруваме да ги кажат наглас своите мислења и предлози, да внесат позитивни промени на работните места. Обезбедуваме редовен фидбек и отворени дискусиии за перформансот. Со нашата политика на отворени врати ја зголемуваме мотивацијата и задоволството на вработените што пак промовира подобра продуктивност, ефикасност, лојалност, го поттикнува квалитетот на работата и прави вработените да останат долго во нашите редови. Но за нас како компанија и како луѓе, центар на светот, центар на сите наши активности и стремежи секогаш ќе биде клиентот и неговото апсолутно задоволство.

Определеност за исполнување на барањата и непрекинато подобрување на ефикасноста на системот на управување со квалитет

*Заштитата на животната средина е право на секој граѓанин но во исто време и обврска за секој граѓанин.*

**Порше Македонија** како компанија со воспоставени високи критериуми во своето работење следејќи ја корпоративната политика за квалитет како составен дел на системот за управување со квалитет **ISO 9001**, се обврзува да се посвети на зачувување на околината и енергетската ефикасност на своите производи и услуги.

Една од алатките за подобро следење на ефектите врз животната средина е меѓународно препознатливиот и признат систем за управување со животна средина **ISO 14001,** што компанијата го спроведува во секојдневното работење.

Редовно следејќи ја законската регулатива во Република Македонија како и останатите барања на Европската Унија и пошироко, Порше Македонија ги идентификува сите можни аспекти на своето работење врз околината, спроведувајќи ги сите потребни мерења преку акредитирани лаборатории . Во прилог на ова, самиот работен процес е така осмислен со цел да се елиминира или намали можноста за загадување на животната средина до прифатливо ниво.

Преку воспоставените процедури за мониторинг на аспектите врз животната средина како и процедурите за управување со неусогласености и кризи, Порше Македонија се обврзува за континуирано подобрување на своето работење и навремено спроведување на зацртаните корективни мерки доколку за тоа се јави потреба.

Како фирма лидер на овие простори во својот сектор, следејќи го нашето мото постојано да се подобруваме и да ги следиме најновите светски трендови, наши цели за зачувување на животната средина се следниве:

- Намалување на употребата на ризични и отровни хемикалии
- Намалување, повторна употреба и рециклирање на одредени видови цврст отпад
- Подобрување на енергетската ефикасност
- Употреба на обновливи извори на енергија
- Договор само со овластени компании за отстранување на отпад
- Сите други потребни активности за кои може да се јави потреба

Управителите на Порше Македонија воспоставија, имплементираа и континуирано ја одржуваат политиката за квалитет и животна средина во рамки на дефинираниот предмет кој е подрачје на делување на системот за менаџмент на квалитет и животна средина, а тоа е трговија со моторни возила. Притоа особено ги зедоа во предвид природата, обемот, и влијанието на основната дејност на Порше Македонија врз животната средина, обезбедија рамка за поставување на целите за квалитет и за заштита на животната средина во чии рамки именуваа лице координатор за управување со системите за квалитет и за заштита на животната средина. Координаторот за квалитет и заштита на животната средина во склоп на своите тековни активности ќе биде целосно посветен на квалитетот и заштитата на животната средина во правец на спречување на загадувањето на животната средина, ќе преземе активности за подигнување на свеста на сите вработени за значењето на квалитетот и здравата животна средина за сите нас.
Свеста на вработените ќе ја подигнува со поставување на информативни флаери, брошури, промотивни плакати на видни места и на сите огласни табли во деловните простории на Порше Македонија. Во дополнување на овие активности координаторот за квалитет и животна средина ќе спроведува и редовни обуки и тоа како за сите вработени, така и за пооделни целни групи.

Спроведените обуки ќе ги документира со листи за присуство на обуката и прашалник за задоволството и транспарентноста на спроведената обука.
Со оваа политика се запознаени сите вработени, соработници и клиенти на нашата компанија и истата е достапна за пошироката јавност.

Дата: 20.05.2021

Генерален Менаџер:

Златко Муцунски

Даниел Вукович